Универзитет „Св. Кирил и Методиј”-Скопје
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

ЕЛАБОРАТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ОД ТРЕТИОТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ – ДОКТОРСКИ СТУДИИ ПО БАЗИЧНА МЕДИЦИНА



Скопје, декември, 2020

Содржина

Вовед..... 2

Општ дел..... 5

Задолжителни компоненти на студиските програми..... 6

Карта на високообразовната установа..... 6

Прилог бр. 1. Одлука за усвојување на студиската програма од Наставно-научниот совет на единицата..... 25

Прилог бр. 2. Одлука за усвојување на студиската програма од Ректорската управа или Универзитетскиот сенат односно Советот на научната установа..... 28

Прилог бр. 3. Стуктура на студиската програма..... 30

Листа на опрема предвидена за реализација на студиската програма..... 35

Прилог бр. 4. Податоци за просторот предвиден за реализација на студиската програма, простор и опрема..... 35

Прилог бр. 4а. Лаборатории за изведување екстериментални (практични) самостојни вежби..... 37

Список на акредитирани ментори..... 41

Прилог бр. 5. Предметни програми со информации согласно со членот 4 од овој правилник (Прилог бр. 3)..... 47

Генерички предмети: Етика во научноистражувачка работа во медицински науки и здравство и Методологија во научноистражувачка работа во медицински науки и здравство..... 47

Изборен предмет за стекнување генерички знаења и вештини за истражување од универзитетската листа на предмети..... 52

Изборни предмети од студиската програма за стекнување напредни знаења (листа 1 и листа 2 на изборни предмети..... 66

Прилог бр. 6. Список на наставен кадар со податоци наведени во членот 5 (Прилог бр. 4)..... 721

Прилог бр. 7. Изјава од наставникот за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма..... 1612

ЕЛАБОРАТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

ЗА ДОКТОРСКИ СТУДИИ - III ЦИКЛУС СТУДИИ ПО БАЗИЧНА МЕДИЦИНА
(ПОВТОРНА АКРЕДИТАЦИЈА-РЕАКРЕДИТАЦИЈА)

ВОВЕД

Новиот концепт на структурирани докторски студии по медицина на Медицинскиот факултет се воведе во учебната 2010/2011 година. Реформите во додипломската настава како резултат на услогласување со новиот Закон за високо образование (Сл. Весник бр. 35/2008 и бр. 103/2008), кои се засноваа и на вградувањето на препораките од Болоњската декларација, неминовно условија и потреба од промени во последипломската настава, односно во третиот циклус на студии. Во периодот до учебната 2010/11 година, на Медицинскиот факултет во Скопје, последипломската настава вклучуваше програма за втор циклус на студии - магистерски студии во траење од две години, 4 семестри (вкупно 120 ЕКТС) чија структура беше заснована на генерички и изборни предмети распоредени во неколку модули, практична работа во истражувачки лаборатории и изработка на магистерска теза во третиот и четвртиот семестар. Процедурата за стекнување на звањето Доктор на медицински науки се состоеше од самостојно научно истражување на кандидатот во одредена област, а во соработка со својот ментор и изработка на докторска теза.

Новата студиската програма по општа медицина на Медицинксиот факултет која беше акредитирана во 2005 година и започна со спроведување во академската 2005/06 година, претставува интегриран прв и втор циклус на студии (360 кредити) со што им се овозможува на студентите кои освоиле 360 кредити да продолжат понатаму на третиот циклус студирање под услов да се најмалку втора половина на специјализација за области за кои има специјализација, или да имаат објавено најмалку два труда како прв автор (ин екстензо во часописи со меѓународен уредувачки одбор) за области за кои нема специјализација, со што се исклучува потребата од постоење на програма за магистерски студии.

За прв пат на Медицинскиот факултет се организираа и реализираа докторски студии од учебната 2010/11 кои се во согласност со правилата на Европскиот кредит трансфер систем. Елаборатот за организирање трет циклус-докторски студии, беше прифатен од Стручниот совет при УКИМ, ректорската управа, а подоцна и акредитиран од одборотза акредитација со решение бр. 12-75/7 од 21.02.2011 година.

Проектот за докторски студии по медицина е заснован врз Законот за високото образование во Република Македонија (член 96, Сл. Весник на РМ, број 35/08,103/08 и 26/09); врз Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (член. 253,Сл. Везник на РМ, бр.156/08), како и врз Законот за научноистражувачка дејност на Репу- блика Македонија(„Сл.весник на РМ"13/1996, 29/2002).

Програмата за докторските студии на Медицинскиот факултет е усогласена со:

1. Болоњската декларација по состанокот на министрите за образование на европските земји за основање единствен европски простор за високо образование ("The Europian Higher Education Area" состанок одржан во Болоња на 19. 06. 1999);
2. Министерскиот состанок во Берлин за создавање единствен истражувачки и образовен простор (" Europien Higher Education Area - two processes of knowledge based society" - состанок одржан во септември 2003);
3. Загрепска декларација за хармонизирање на докторските студии на тлото на Европа ("European PhD Programme in Biomedicine and Health Sciences" семинар одржан на 24 и 25. 04. 2004);
4. Салзбуршки семинар за програмата на докторските студии за асоцијација на европското знаење ("Doctoral Programmes for Eropian Knowledge Society" семинар одржан во Салзбург , 3 -5. 02. 2205);
5. Бергенско коминике за постигнување на целите за создавање европски образовен процес ("Europian Higher Education Area - achieving the goals" communique of the conference of the Europien Ministers responsible for Higher Education" одржан во Берген 19-20. 05. 2005) кога се усвоени десет принципи за создавање на програмата за докторски студии;

6. Лисабонска декларација ("Fourth EUA Convention of Higher Educational Institutions" состанок одржан на 29-31. 03. 2005);
7. Лондонско коминике за создавање на заеднички образовен простор како одговор на предизвикот на глобализација на светот ("Towards the Eropean Higher Educational Area: Responding the Chalenges in a Globalised World" одржан на 18. 05.2007);
8. Бриселска конвенција за судбината на универзитетите по 2010 ("Europe`s Universities Beyond 2010: Diversity with Acommon purpose" - состанок одржан на 13. 04. 2007).
9. Orpheus 2009: Fourth European Conference: Setting standards for PhD Education in Biomedicine and Health Sciences.

Третиот циклус студии-докторски студии во научноистражувачкото подрачје медицински науки и здравство со своите три студиски програми (клиничка медицина, базична медицина и молекуларна медицина) успешно се спроведува од академската 2011/2012 година. Таа им овозможува на студентите кои го завршиле интегрираниот циклус на додипломски студии на Медицинскиот факултет (360 кредити) и на студентите од останатите регулирани професии, да ги усовршат компетенциите на самостоен истражувач и по освоени 180 кредити, да се стекнат со звањето доктор на медицински науки.

Целта на овие студии не е масовност, туку создавање квалитетен кадар, за што е неопходна строга селекција при изборот на кандидати.

Приложениот проект за реакредитација на докторските студии по медицина е во согласност со Законот за високото образование (Сл. весник 82/2018) и со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на студии - докторски сутдии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник на УКИМ, бр. 530/20).

Докторските студии од областа на медицинските науки се конципирани така што во текот на тригодишната едукација му овозможуваат на студентот паралелно да се занимава со истражувачка активност и да посетува активна настава од општите, а потоа од специјалните методолошки предмети. Во вториот семестар го избира своето поле на ангажирање и континуирано врши научна активност која ја потврдува со јавно презентирање на своите резултати. Во тек на III, IV, V и VI семестар ја изработува докторската дисертација и по остварувањето на потребните услови пристапува кон одбрана на тезата.

Поради разновидноста на активностите во тек на студирањето, начините на проверка на знаењето и вештините се континуирани и разновидни, пофлексибилни и поспецифични во однос на системот во додипломската настава. Системот на бодување е константен, со што на студентот му се овозможува увид во резултатите. Со исполнување на предиспитните обврски и со полоагање на испитот студентот може да оствари најмногу 100 поени (нумеричка оценка 10). Во тек на предиспитните обврски се врши континуирана проверка на знаењето. Се оценува присуството и активноста на теоретската и практичната настава, како и резултатите од вежбите, семинарите, тестовите и колоквиумите. Конечна оценка се утврдува на испит. Поените остварени во тек на сите овие активности ја формираат конечната оцена.

Проектот за докторските студии исто така има и интердисциплинарен карактер бидејќи им овозможува на кандидатите да слушаат предмети од повеќе области од медицинските науки и здравството.

Бодовниот систем, односно вреднувањето на докторските студии со кредити им овозможува на студентите на третиот циклус да направат трансфер и се запишат и слушаат предмети и на други школи за докторски студии надвор од Школата за докторски студии при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, како и надвор од земјата, со признавање на кредити за ислушани и положени предмети кои се во согласност со студиската програма.

Меѓународната мобилност на студентите дава позитивен импакт врз научниот развој на студентите. Медицинскиот факултет е отворен и за мобилност на странски студенти кон нашите докторски студии. Впрочем, до сега има веќе голем број на студенти кои се запишани на докторски студии на Медициснкиот факултет во Скопје, а некои докторанди веќе ја одбраниле својата докторска дисертација.

Студиите од третиот циклус по медицина што се предмет на овој Проект се веќе акредитирани и реакредитирани (Решение од Одборот за акредитација на високото образовние на

Република Македонија, бр. 12-75/7 од 21.02.2011 година и Решение за почеток со работа на трет циклус Универзитет-ски студии по медицина од Министерството за образование и наука бр. 13-3022/4 од 30.05.2011 година. Повторна акредитација на студиите од третиот циклус по медицина што се предмет на овој Проект (Решение од Одборот за акредитација на високото образовние на Република Македонија, бр. 12-112/4 од 23.09.2014 година за студиската програма-клиничка медицина, 12-112/5 од 23.09.2014 година за студиската програма-базична медицина 12-112/6 од 23.09.2014 година за студиската програма-молекуларна медицина и Решение за почеток со работа на трет циклус Универзитет-ски студии по медицина од Министерството за образование и наука 13-15302/4 од 01.10.2014 година. Овие студии функционираат од учебната 2010/11.
Во текот на 2017/18 година направена е втора реакредитација на студиите од третиот циклус по медицина што се предмет на овој Проект (Решение од Одборот за акредитација на високото образовние на Република Македонија, бр. 1409-293/2 од 16.03.2018 година за студиската програма-клиничка медицина, 1409-293/3 од 16.03.2018 година за студиската програма-базична медицина 1409-293/4 од 16.03.2018 година за студиската програма-молекуларна медицина и Решение за почеток со работа бр. 14-802 од 02.05.2018 година за студиската програма-клиничка медицина, бр. 14-802 од 02.05.2018 година за студиската програма-базична медицина и бр. 14-802 од 02.05.2018 година за студиската програма-молекуларна медицина од Министерството за образование и наука на Република Македонија. Докторските студии функционираат од учебната 2010/11.

ОПШТ ДЕЛ

1. Назив на предлагачот на студиската програма
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Медицински факултет – Скопје

2. Назив на студиската програма
- базична медицина,

3. Траење на студиите
Должината или времетраењето на докторските студии по медицина е 3 (три) години или 6 (шест) семестри.

4. Совет на третиот циклус студии - докторски студии

Советот на студиската програма за Третиот циклус-докторски студии го сочинуваат лица избрани во наставно-научни и научни звања на Универзитетот во научните области кои припаѓаат на научното поле каде што припаѓа студиската програма.
Советот на студиската програма се формира од страна на Наставно-научниот совет, по предлог на Деканатската управа, на паритетен принцип, со еден претставник од секоја катедра.
Советот на студиската програма се конституира по нејзината акредитација.
Надлежноста, како и начинот и постапката на одлучување на Советот на студиската програма е утврдена со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

ЗАДОЛЖИТЕЛНИ КОМПОНЕНТИ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ

1.	**Карта на високообразовната установа**	**Назив на високообразовната установа**	Република Македонија, Универзитет “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Медицински факултет во Скопје
		Седиште	50 Дивизија бр.6, 1000 Скопје
		веб страница	www.medf.ukim.edu.mк
		Вид на високообразовната установа (јавна итн.)	Јавна високообразовна установа
		Податоци за последната акредитација	1. Интегрирани студии по општа медицина, решение за акредитација бр. 12-163/4 од 23.05.2012 2. Стручни студии за дипломирана медицинска сестра/техничар, решение за акредитација бр. 12-163/7 од 23.05.2012 3. Стручни студии за дипломиран радиолошки технолог решение за акредитација бр. 12-163/6 од 23.05.2012 4. Стручни студии за дипломиран логопед со решение за акредатиција бр. 12-163/2 од 23.05.2012 5. Стручни студии за дипломиран физиотерапевт со решение за акредитација бр. 12-163/3 од 23.05.2012 6. Стручни специјалистички студии по клиничка логопедија (II циклус), решение за акредитација бр. 12-46/2 од 13.05.2013; втора реакредитација 1409-410/3 од 16.07.2019 7. Стручни специјалистички студии за дипломиран физиотерапевт во ортопедија и хирургија со решение за акредитација бр. 1409-371/3 од 31.10.2018 8. Стручни специјалистички студии за дипломиран физиотерапевт во неврологија со решение за акредитација бр. 1409-371/2 од 31.10.2018 9. Магистерски студии по јавно здравство (II циклус), решение за акредитација бр. 12-163/8 од 23.05.2012 10. Докторски студии по медицина (III циклус): a) Клиничка медицина, решение за акредитација бр. 12-163/10 од 23.05.2012, реакредитација бр. 12-112/4 од 23.09.2014; втора реакредитација 1409-293/2 од 16.03.2018 b) Молекуларна медицина, решение за акредитација бр. 12-163/11 од 23.05.2012, реакредитација бр. 12-112/6 од 23.09.2014; втора реакредитација 1409-293/4 од 16.03.2018 c) Базична медицина, решение за акредитација бр. 12-163/9 од 23.05.2012, реакредитација бр. 12-112/5 од 23.09.2014; втора реакредитација 1409-293/3 од 16.03.2018 11. Докторски студии по јавно здравство (III циклус), решение за акредитација бр. 12-163/5 од 23.05.2012,

				реакредитација бр 12-112/7 од 23.09.2014; втора реакредитација 1409-293/5 од 16.03.2018 12. Решение од МОН за почеток со работа на студиската програма III циклус –медицина бр. 13-15302/4 од 01.10.2014; втора реакредитација 14-802 од 02.05.2018 13. Решение од МОН за почеток со работа на студиската програма III циклус –јавно здравство бр. 13-15312/4 од 01.10.2014; втора реакредитација 14-802 од 02.05.2018
			Студиски и научноистра жувачки подрачја за кои е добиена акредитација	Медицински науки и здравство
			Единици во состав на високообразов ната установа	36 Катедри при Медицинскиот факутлет
			Студиски програми што се реализираат во единицата која бара проширување на дејноста со воведување на нова/и, студиска/и програма/и	1. Интегрирани студии по општа медицина (интегриран I и II циклус) 2. Додипломски стручни студии за дипломирана медицинска сестра/техничар (I циклус) 3. Додипломски стручни студии за дипломиран радиолошки технолог (I циклус) 4. Додипломски стручни студии за дипломиран логопед (I циклус) 5. Додипломски стручни студии за дипломиран физиотерапевт (I циклус) 6. Додипломски стручни студии по медицинско-лабораториска дијагностика (I циклус) 7. Магистерски студии по јавно здравство (II циклус) 8. Стручни специјалистички студии по клиничка логопедија (II циклус) 9. Стручни специјалистички студии за дипломиран физиотерапевт во ортопедија и хирургија (II циклус) 10. Стручни специјалистички студии за дипломиран физиотерапевт во неврологија (II циклус) 11. Докторски студии по медицина (III циклус) 12. Докторски студии по јавно здравство (III циклус)
			Податоци за меѓународна соработка на планот на наставата, истражување то и мобилноста на студентите	Медицинскиот факултет интензивно работи на поттикнување на меѓународната соработка низ повеќе активности, прво преку склучување на договори за меѓусебна соработка во рамките на веќе потпишаните договори на Универзитетот, како и преку сопствени договори со други медицински факултети од странство. Мобилноста на наставниците и студентите се остварува со Еразмус интеринституционални договори, во рамките на проектот ERASMUS PLUS кој што е започнат во 2014 година. Во изминатиов период од 2011 до 2017 година најголем број мобилности се реализираа преку ERAWEB проектот, којшто претставуваше прв проект на мобилност од областа на биомедицинските науки и здравството. Преку

				првиот дел од овој проект до сега престојуваа на еминентни европски универзитети (Ротердам, Минхен, Торино, Рим, Виена) од Медицинскиот факултет 28 додипломски студенти, добиени се стипендии за 8 магистерски и 2 за докторски студии, а мобилност остварија и 3 наставници. Во вториот дел од ERAWEB проектот, остварени се вкупно 34 активности од Медицинскиот факултет: 20 додипломски студенти престојуваа на еминентни европски универзитети, стипендии добија 7 студенти за магистерски студии и 5 за докторски студии а мобилност оствари 2 наставника. Мобилноста на наставниците и студентите се остварува со ЕРАЗМУС плус-програмите. Во периодот од 2017 до 2020 година беа реализирани вкупно 65 мобилности за студенти на универзитетите во Љубљана, Марибор, Аквила, Фоѓа, Ријека, Сплит, Осијек, Пловдив, Софија и Истанбул. Исто така беа реализирани мобилности за наставници на универзитетите во Љубљана и Марибор. Секоја година има по некој нов интеринституционален Еразмус договор. Потпишан е договор и со Универзитетот во Ниш. По еден наставник годишно оствари мобилност преку ЕРАЗМУС плус-програмите. На Медицинскиот факултет имаше странски студенти кои ја реализираа својата мобилност, 4 студенти од Фоѓа и Аквила, Италија, додека во тек е наставата за уште тројца студенти од Италија. На медицинскиот факултет преку различни проекти (Erasmus, Fulbright, Link Across) престојуваат странски експерти, кои на различни начини (предавања, учество во апликативна здравствена дејност, научно истражувачки проекти, овозможување на едукација во странство) се вклучуваат во факултетските активности. Меѓународната комуникацијата со 18-те почесни и 27-те избрани визитинг професори е перманентна и преку неа се остваруваат редовни посети во кои избраните професори учествуваат во додипломската и постдипломската настава. Визитинг-професори и други реномирани наставници кои остварија посета се: проф. д-р Драгана Јаниќ, од Универзитетот во Белград, проф. д-р Катја Залетел од Универзитетот во Љубљана, проф. д-р Жозеф Глигоров, од Универзитетот во Париз, проф. д-р Мирослав Ѓорѓевиќ, од Универзитетот во Белград, проф. д-р Живојин Јоњев од Универзитетот во Нови Сад, проф. д-р Гершон Волпин од Универзитетот во Хаифа, инаку почесен професор на УКИМ, проф. д-р Оскар Азман од Универзитетот во Виена, проф. д-р Фридрих Хербст, од Универзитетот во Виена, проф.д-р Рок Венгуст од Универзитетот во Љубљана, проф.д-р Теди Цицвариќ од Универзитетот во Ријека, проф.д-р Валтер Клепетко од Универзитетот во Виена, проф. д-р Јадранка Стојановска и д-р Сафидех Гилани, ОРЛ, како и д-р Менг Лоу од Универзитетот во Мелбурн и други. Исто така, голема меѓународна активност покажуваат студентските организации преку организација на конгреси, летни школи, твининг проекти и различни видови на студентска и научноистражувачка размена.

		Податоци за просторот наменет за изведување на наставната и истражувачка та дејност	За реализација на теоретската и практичната настава за сите студиски програми како и за научноистражувачката дејност, Медицинскиот факултет при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”-Скопје, го користи целокупниот современо опремен простор на 12 Институти при Медицинскиот факултет, 24 Јавно здравствени установи-Универзитетски Клиники во Скопје и 12 наставни бази (ЈЗУ Институт за медицина на трудот на Р.М.; ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата “Козле” Скопје; ЈЗУ Универзитетска Клиника за хируршки болести “Св. Наум Охридски”Скопје (Градска хируршка болница); ЈЗУ Завод за физикална медицина и рехабилитација “Пресвета богородица” Скопје; Градска општа болница “8-ми Септември”-Скопје; ЈЗУ Републички завод за трансфузиологија-Скопје; ЈЗУ Специјална болница за гинекологија и акушерство “Чаир” Скопје; ЈЗУ Институт за јавно здравје на РМ; ЈЗУ Психијатриска болница “Скопје”Скопје; Градски завод за здравствена заштита-Скопје); ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас; ЈЗУ Здравствен дом Скопје. - Вкупната површина на установата-193.279 м^2 - 9 амфитеатри со 1000 седишта - 8 предавални со 500 седишта - 1 компјутереска училница со 30 работни места - 49 лаборатории со 380 седишта - 82 кабинети за наставно-научниот кадар - 1 библиотека со 110 седишта - 24 универзитетски.клиники и болнички одделенија за практични вежби - 11 јавно-здравствените установи-наставни бази
		Податоци за опремата за изведување на наставната и истражувачка та дејност	**Прилог 4 и 4а**
		Број на студенти за кои е добиена акредитација	80 студенти на трет циклус студии – докторски студии по медицина
		Број на студенти (прв пат запишани во 2019/20 г.)	На интегрирани студии по општа медицина 365 студенти На сите 4 студиски програми од прв циклус 346 студенти На магистерски студии по јавно здравство 5 студенти На стручни специјалистички студии 38 студенти На докторски студии по медицина 76 студенти На докторски студии по јавно здравство 3 студенти
		Број на лица во наставно-научни, научни и наставни звања	125 редовни професори, 72 вонредни професори, 48 доценти, 11 научни советници, 22 виши научни соработници, 46 научни соработаници, 9 насловни вонредни професори, 17 насловни доценти
		Број на лица во	23- асистенти, 96-асистенти докторанти, 7-помлади

		соработнички звања	асистенти, 102-асистенти по нов ЗВО
		Однос наставник: студенти (број на студенти на 1 наставник) за секоја единица одделно	7.2 студенти на 1 наставник (за сите студиски програми и потпрограми заедно)
		Внатрешни механизми за обезбедување и контрола на квалитетот на студиите	Третиот циклус-докторски студии по медицина ги координира Совет на студиска програма за трет циклус-докторски студии составен од избрани универзитетски наставници од сите катедри при Медицинскиот факултет. Советот на студиска програма има одговорност да се грижи за квалитетот и начинот на изведување на постоечките програми, да предлага нивни измени или да предлага нови програми и да прави анализа на проодноста. Квалитетот на програмата се мониторира преку: 1. Самоевалуација од страна на Комисии за евалуација составена од универзитетски наставници и студенти 2. По завршување на наставната програма по секој предмет се спроведува анонимна студентска евалуација (анкета) за наставните програми и наставниците. 3. Надворешна евалуација
		Фреквенција на самоевалуациониот процес (секоја година, на две години, на три години)	На три години
		Податоци за последната спроведена надворешна евалуација на установата	Последната петта надворешна евалуација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје како членка на Европската асоцијација на универзитети беше успешно спроведена во периодот од 16 до 20 октомври 2017 година, од страна на експертски тим номиниран од Европската асоцијација на универзитети во Брисел (ЕУА), во состав: Johanna Maria Lijeroos, Tampere, Finland, Borje Lennart Olausson, Asa Sweeden, Georg Schulc Salzburg, Austria, Andree Sursock, Nia и Janis Vetra Latvia. Финалниот извештај беше изготвен во ноември 2017 година, од страна на експертскиот тим составен од Џорџ Шулц, претседавач, Џоана Лијерус, Ленарт Олаусон, Јанис Ветра, и Андре Сурсок,координатор на тимот. Во заклучоците на извештајот, тимот на ПИЕ (Програма за институционална евалуација („Св. Кирил и Методиј“), истакнува дека е импресиониран од капацитетот на Универзитетот да работи во рамки на својата ограничена средина и од неговиот прагматичен пристап во донесување одлуки. Исто така треба да се оддаде признание на УКИМ за јасното разбирање на неговата улога во јавната служба во Република Македонија.Тимот смета дека УКИМ може да ја зголеми својата ефикасност преку централизација на некои

				клучни услуги (како пишување на предлози за грантови), и преку создавање и спроведување на една заедничка стратегија за настава и учење, истражување, интернационализација и внатрешно обезбедување на квалитет, со што би се намалиле и голем дел од разликите кои постојат на Универзитетот. Препораките кои ги дава експертскиот тим се однесуваат на: управување, култура на квалитет, настава и учење, истражување и интернационализација. - експертскиот тим го поддржува избраниот модел и концепт на „интегриран универзитет“, и поттикнува на посилна интеракција на единиците на Универзитетот, преку организирање на периодични средби на кадарот од единиците, организирање на меѓуфакултетски истражувачки активности, развивање на единствена комуникациска стратегија; - експертскиот тим истакнува дека iknow е информациски модел кој содржи голем потенцијал за анализа, и потребно е факултетите да се поттикнат доследно да ги користат неговите можности и функционалности за да се овозможи подлабока анализа на податоците; - експертскиот тим ја поздравува употребата на студентските прашалници во евалуација на наставата, но треба да се зајакне нивната употреба преку формирање комисија која вклучува академски персонал и студенти; - УКИМ треба да ги стандардизира студентските услуги, протокот на информации до студентите треба да се зајакне преку различни формати, како што се редовни билтени, интернет страници, електронски пошти и социјални мрежи, треба да се развијат критериуми за одобрување на постоечките и нови студиски програми; - во врска со докторските студии, експертскиот тим дава одредени сугестии и препораки (на школата за докторски студии да и се довери функцијата на прием на студенти, приемот на студенти да зависи од релевантните способности на менторот и капацитетот на катедрата, комисијата за тези да вклучува барем еден меѓународен експерт и да не го вклучува менторот, како што е стандардна практика во поголемиот дел од Европа; - експертскиот тим поттикнува на развивање истражувачка стратегија за проекти и интердисциплинарни истражувања, заради привлекување европски и меѓународни средства; - продолжување на подршката за мобилност на студенти и наставници, препознавање на области со висок потенцијал за меѓународни партнери и студенти,избирање наставни програми на англиски кои би биле најпривлечни за меѓународните студенти.
1а	Општи дескрипто-ри на квали фикациите		**Знаења и разбирање**	Покажува систематско разбирање на полето на истражување на медицинските науки и совршено познавање на методи и вештини за истражување во рамките на медицината согласно највисоките меѓународни стандарди
			Примена на знаењето и разбирањето	Покажува способност да толкува, дизајнира, применува и адаптира суштински предмет на истражување во медицината, со научен интегритет. Има направено придонес преку оригинални истражувања кои ги поместуваат напред постојните граници на зна ње во

			медицината, развивајќи нови знаења, вреднувани на ниво на национални и интернационални рецензирани публикации.
		Способност за проценка	Способност за критичка анализа, оценување и синтеза на нови и сложени идеи, имајќи компетенции за проценка. Способност за независно иницирање и учество во национални и меѓународни истражувачки мрежи во областа на медицинските науки и настани со научен интегритет. Способност за независно иницирање на истражувачки и развојни проекти на полето на базичната и клиничк та медицина, преку кои ќе генерира ново знаење и вештини за развој на истражувачкото поле.
		Комуникациски вештини	Може да комуницира со своите колеги, поширокота академска заедница и со општеството во целина во рамките на медицинските области.
		Вештини на учење	Се очекува да биде способен да се промовира во академски и професионални рамки и во технолошкиот, социјалниот или културниот развој во општество базирано на знаење.

1б. СПЕЦИФИЧНИ ДЕСКРИПТОРИ НА КВАЛИФИКАЦИИТЕ

ДЕСКРИПТОРИ НА КВАЛИФИКАЦИИ НА ТРЕТИОТ ЦИКЛУС СТУДИИ
НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Постдипломски студии – трет циклус на студии
Времетраење – 3 години (6 семестри), 180 ЕКТС – кредити
Подрачје: медицински науки и здравство
Студиски програми: базична медицина

Студиската програма (базична медицина) за докторандите опфаќа временски период од 3 години (6 семестри).

Докторските студии опфаќаат активна истражувачка работа под менторство, траат најмалку три години (6 семестри). Секој семестар носи 30 ЕКТС-кредити, односно студентот се здобива со 180 ЕКТС-кредити по завршувањето на докторските студии и одбраната на докторската теза. Студиската програма се состои од:

- академска обука што содржи обука за истражување, напредни и стручни курсеви (предмети за стекнување генерички знаења и предмети за академска обука за стекнување напредни и стручни знаења), што се вреднува со 42 ЕКТС-кредити; три предмети за стекнување генерички знаења (12 ЕКТС), и пет изборни предмети од студиската програма за стекнување напредни знаења, од областа на истражувањето (30 ЕКТС).
- независен истражувачки проект за изработка на докторскиот труд под менторство (докторски проект), што содржи истражувачка работа под менторство што се вреднува 14 ЕКТС и поднесување на предлог-докторски проект за изработка на докторски труд кој се вреднува 27 ЕКТС, (вкупно се вреднува со 41 ЕКТС-кредити);
- меѓународна мобилност, најмалку еднонеделен престој, што се вреднува со 6 ЕКТС-кредити;
- предавања и друг вид комуникациски активности, што содржи учество на семинари и конференции, што се вреднува со 18 ЕКТС-кредити;
- објавување во референтни научни публикации и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд, што се вреднува со 27 ЕКТС-кредити;
- изработка и јавна одбрана на докторски труд врз основа на докторски проект, што се вреднува со 46 ЕКТС-кредити.

Научната титула по завршувањето на студиите и одбраната на докторската дисертација, е ***доктор по медицински науки, студиска програма - базична медицина*** со назнака и на полето на истражување**.**

Нивото на високообразовните квалификации во националната рамка кое го достигнува студентот по завршувањето на третиот циклус студии – докторски студии, е VIII.

Вид на дескриптор	Циклус на студии	Дескриптор на квалификација
Знаење и разбирање	III циклус на студии	• Студентите по завршување на студиите од третиот циклус треба да покажат високо ниво на систематизирано знаење и разбирање во областа на научното истражување во биомедицинските и здравствените науки, генерално, но и од потесната област на истражувањето. • Исто така, треба да бидат квалификувани и да имаат совладано вештини на истражување во полето на истражување и потесната медицинска област со кои ќе бидат оспособени за независно и автономно истражување во согласност со принципите на медицина базирана на докази, како и добра лабораториска, односно клиничка пракса.
Примена на знаењето и разбирањето	III циклус	• Со помош на стекнатото знаење и совладаните вештини да може да примени оригинално истражување во соодветната потесна област, кое ќе овозможи стекнување на нови знаења кои безусловно ќе треба да бидат вреднувани не само во национални, туку и интернационални публикации од страна на независни стручњаци во научното поле.
Способност за проценка	III циклус	• Да покажува способност за критичка анализа на презентирани научни откритија од други автори. • Навремено да препознае област во науката каде се потребни дополнителни истражувања и да процени дека со своите оригинални истражувања може да даде значителен придонес во тој правец. • Да покаже способност за иницирање на истражувачки проекти за нови откритија кои ќе генерираат нови знаења и вештини во полето на медицината и својата потесна област.
Комуникациски вештини	III циклус	• Поседува способност за дискусија околу своето и истражувањата на други истражувачи на национално ниво, со своите ментори, но и со истражувачи надвор од земјата. • Учествува во национални и интернационални истражувачки мрежи и настани, независно и со научен интегритет. • Резултатите од своите откритија умее вешто и систематизирано да ги презентира пред поширокатa академска заедница во земјата и во странство. • Поседува способности за водење на истражувачки тим.

Вештини на учење	**III циклус**	• Покажува интерес за континуирана едукација и професионален развој на личен план во научното истражување во својата област. • Покажува способност да организира новитети и напредни активности во процесот на учењето, но и критички да ги анализира методите на учење во однос на нивниот ефект врз знаењето, вештините и праксата. • Поседува способност и за документирање на активностите за учење. • Се промовира себеси во академски и професионални рамки во технолошкиот развој на општеството.
2	Одлука за усвојување на студиската програма од Наставно-научниот совет на единицата	Од страна на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет е донесена одлука бр. 02-5236/36 од 30.12.2020 година за усвојување на Студиската програма од третиот циклус на студии - докторски студии по базична медицина и Позитивна препорака бр. 02-5250/7 од 29.12.2020 од Одборот за соработка и доверба со јавност на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Одлуката е дадена во **Прилог бр. 1**
3	Одлука за усвојување на студиската програма од Ректорската управа или Универзитетскиот сенат односно Советот на научната установа	Од страна на Универзитетсиот сенат на УКИМ е донесена одлука бр. 02-124/19 од 29.01.2021 година за усвојување на Студиските програми од третиот циклус на студии - докторски студии по медицина. Одлуката е дадена во **Прилог бр**. **2**
4	Научно истражувачко подрачје, поле и област, каде припаѓа студиската програма	3. **МЕДИЦИНСКИ НАУКИ И ЗДРАВСТВО** **301. Фундаментални медицински науки** 30100. Анатомија 30104. Физиологија 30106. Патолошка анатомија 30107. Фармакологија 30108. Микробиологија 30112. Имунологија 30115. Медицинска генетика 30117. Биохемија **302. Клиничка медицина** 30200. Анестезиологија 30201. Дерматовенерологија 30202. Епидемиологија 30204. Физикална медицина и рехабилитација 30205. Гинекологија и акушерство 30206. Хематологија 30207. Хепатогастроентерологија 30208. Инфектологија 30209. Кардиологија 30211. Клиничка фармакологија и токсикологија 30213. Нефрологија 30214. Нуклеарна медицина 30216. Оториноларингологија

		30217. Педијатрија 30218. Пуломологија со фтизиологија 30219. Офталмологија 30220. Онкологија 30221. Радиологија **303. Хирургија** 30300. Анестезиологија и реанимација 30304. Детска хирургија 30308. Трауматологија 30306. Дигестивна хирургија **308. Јавно здравство и здравствена заштита** 30807. Медицина на трудот **309. Психијатрија** 30902. Детска психијатрија 30903. Психопатологија 30905. Психотерапија 30907. Психофармакотерапија (Сл.весник на РМ бр.103/2010)

5	Степен на образование (трет циклус)	Трет циклус студии (180 кредити) VIII ниво на образование според Национална рамка на високообразовни квалификации
6	Цел и оправданост за воведување на студиската програма	**Основна цел на студиската програма е:** 1.да се обезбеди пошироко знаење на научните теории, методологии и алатки кои ја сочинуваат основата за истражување во медицинските науки и здравството, како и да се развијат способностите кај студентот за индивидуално разбирање и справување со зададените проблеми и теми; 2. да ги подготви студентите индивидуално за истражувања и едукација во медицинските науки во академски, приватни и јавни истражувачки и консултациски организации; 3. да им обезбеди на студентите експертски вештини при дизајнирање на истражувањата, методите и дисеминацијата, основно познавање на медицинската наука и експертиза во една специјализирана област. Програмата за докторски студии од областа на медицината се стреми да им обезбеди на студентите компетенции кои ќе им овозможат да се развијат во квалитетни истражувачи, односно научни работници кои се способни да спроведуваат индивидуални истражувања. Истражувањата се есенцијални не само за студентите на овие докторски студии туку и за презентирање на капацитетите на Медицинскиот факултет, за развој на знаење и разбирање а со тоа и поддршка во здравствената пракса. Истражувањата во сите области на медицинските науки треба да придонесат до унапредувањето на дијагностичките и терапветските постапки, а со крајна цел за подобрување на здравјето на луѓето.
7	Години и семестри на траење на студиската програма	3 години, 6 семестри
8	ЕКТС кредити со кои се стекнува студентот	180 кредити
9	Начин на финансира-ње	Финансирањето на студиите ќе се одвива согласно законските прописи за студирање на државен универзитет, статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, и Правилникот за утврдување на износот на трошоците за студирање на третиот циклус-докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје
10	Услови за запишување	Право на запишување на докторски студии имаат лица кои завршиле соодветни студиски програми и кои ги исполнуваат основните критериуми: • завршен втор циклус на сутдии усогласени со европскиот кредит-трансфер систем (во натамошниот текст:ЕКТС-кредити); • завршени постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, на кои им се признаваат 60 кредити од обука а истражување и едукација; • стекната стручна подготовка според студиски програми за регулирани професии, со остварени најмалку 300 ЕКТС-кредити; • остварен просечен успех од сите предмети од претходно завршеното високо образование, од најмалку 8,00;

		• познавање на англиски јазик, што се докажува со уверение или сертификат издаден од Филолошкиот факултет „Блаже Конески" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа, меѓународен сертификат за истото ниво издаден од официјален европски тестатор, утврден со конкурсот или диплома за претходно стекнато образование – додипломски студии (прв циклус) и/или постдипломски студии (втор циклус) каде студиската програма се изведувала на англиски јазик. Право на запишување на докторски студии на Медицинскиот факултет, согласно со препораките и стандардите на Орфеус за докторски студии во биомедицината и здравствените науки, имаат и: • лица кои завршиле според студиските програми до 2005/2006 година и се стекнале со диплома: доктор на медицина, за се во тек на втора половина од здравствена специјализација; • лица кои завршиле според студиската програма од 2005/2006 (360 кредити) и се стекнале со диплома: доктор по медицина, а се во тек на втора половина од здравствена специјализација; • лицата кои се запишуваат на докторски студии од базична медицина на област за која нема здравствена специјализација, треба да имаат најмалку два in extenso труда како прв автор, публикувани во списанија со меѓународен уредувачки одбор.
11	Структура	**Во првиот и вториот семестар:** • општи методолошки предмети (Етика во научноистражувачката работа и Методологија на истражување) - 2 предмети x 3 кредити • предмет за стекнување генерички знаења и вештини за истражување од универзитетска листа на изборни предмети (специјални методолошки предмети) - 1 предмет x 6 кредити • изборни предмети за стекнување напредни знаења -5 предмети x 6 кредити • истражувачка работа под менторство (подготовка на предлог-докторски проект) - 14 кредити • прва годишна конференција - 4 кредити. **Во третиот и четвртиот семестар:** • предлог-докторски проект - 27 кредити • прв докторски семинар - 3 кредити • изработка на докторскиот труд - 20 кредити • меѓународна мобилност – 6 кредити • втора годишна конференција - 4 кредити **Во петиот и шестиот семестар:** • активности за објавувањето на два труда во референтна научна публикација - 20 кредити • учество на меѓународен собир - 7 кредити • втор докторски семинар - 3 кредити • трета годишна конференција - 4 кредити • одбрана на докторскиот труд - 26 кредити **Прилог бр.3**
12	Податоци за просторот предвиден за	За реализација на теоретската и практичната настава за сите студиски програми како и за научноистражувачката дејност, Медицинскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"-Скопје, го

	реализација на студиската програма	користи целокупниот современо опремен простор на 12 Институти при Медицинскиот факултет, 24 Јавно здравствени установи-Универзитетски Клиники во Скопје и 11 наставни бази (ЈЗУ Институт за медицина на трудот на Р.М.; ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата "Козле" Скопје; ЈЗУ Универзитетска Клиника за хируршки болести "Св. Наум Охридски"Скопје (Градска хируршка болница); ЈЗУ Завод за физикална медицина и рехабилитација "Пресвета богородица" Скопје; Градска општа болница "8-ми Септември"-Скопје; ЈЗУ Републички завод за трансфузиологија-Скопје; ЈЗУ Специјална болница за гинекологија и акушерство "Чаир" Скопје; ЈЗУ Институт за јавно здравје на РМ; ЈЗУ Психијатриска болница "Скопје"Скопје; Градски завод за здравствена заштита-Скопје); Завод за рехабилитација на слух, говор и глас. - Вкупната површина на установата-193.279 м^2 - 9 амфитеатри со 1000 седишта - 8 предавални со 500 седишта - 1 компјутереска училница со 30 работни места - 49 лаборатории со 380 седишта - 82 кабинети за наставно-научниот кадар - 1 библиотека со 110 седишта - 24 универзитетски.клиники и болнички одделенија за практични вежби -11 јавно-здравствените установи-наставни бази
13	Листа на опрема предвидена за реализација на студиската програма	**Прилог бр. 4**
14	Предметни програми со информации согласно со членот 4 од овој правилник	**Прилог бр. 5**
15	Список на наставен кадар со податоци наведени во членот 5	**Прилог бр. 6**
16	Изјава од наставникот за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма	**Прилог бр.7**
17	Согласност од високообразовната установа за учество на наставникот во реализацијата на студиската програма	/
18	Информација за	75

	бројот на ментори	
19	Информација за бројот на студенти за запишува ње во прва година на студиската програма	Јавен конкурс објавен од Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”-Скопје 104 студенти
20	Информација за бројот на наставници во полето односно областа од научноистражувач-кото подрачје неопходни за организирање на докторски студии	Вкупно 210 наставника се вклучени во наставата на третиот циклус студии (предмети од едукација, генерички предмети и изборни предмети)
21	Информација за обезбедена задолжителна и доплонителна литература	Задолжителната и дополнителна литература која што е наведена во формуларот за предметните програми од страна на предметните наставници и истата им е достапна на студентите во Библиотеката и книжарата на Медициснкиот факултет, како и електронски доставена литература од страна на предметните наставници до студентите на третиот циклус студии.
22	Информација за веб страница	www.medf.ukim.edu.mк
23	Информација за реализација на научноистражувач-ки проекти со кои се опфатени најмалку 20% од наставниот кадар	*Домашни проекти чиј носители се катедрите на Медицинскиот факултет, финансирани од Медицинскиот факултет во Скопје и сè уште се во тек:* • Во тек се вкупно 47 научноистражувачки проекти кои се работат на катедрите на Медицинскиот факулет, финансирани од Медицинскиот факултет во Скопје (2018-2021). Секоја катедра на Медицинскиот факултет доби средства за финансирање на еден научноистражувачки проект за клнички и лабораториски истражувања, додека катедрите со повеќе членови добија средства за финансирање на 2, 3 или 5 проекти. *Меѓународни проекти со учество на Медицинскиот факултет:* • Twinning Light Project: “Standardization and harmonization according to ISO 17025 standard of the laboratories within the Institute for forensic medicine, criminalistics and medical deontology ”, во соработка со ЕУ, (2019). • TAIEX event 30752 - MK - TAIEX Study Visit on Strengthening the knowledge of the DNA experts in the Republic of North Macedonia on the evaluation of complex DNA profiles according to the international guidelines, во соработка со ЕУ, (2019-2020). • TAIEX event 30751 - MK - TAIEX Workshop on Developing and unifying recommendations and guidelines for evaluation of complex DNA profiles of the forensic DNA experts in Balkan region according to the international guidelines, во соработка со ЕУ (2020). • TAIEX event 30752 - MK - TAIEX Study Visit on Strengthening the knowledge of the DNA experts in the Republic of North Macedonia on the evaluation of complex DNA profiles according to the international guidelines,во соработка со ЕУ (2020). • “Effectiveness of combining feedback about lung age or exhaled CO

		levels with very brief advice (VBA) and support for smoking cessation in primary care compared to giving VBA and support alone". Носител на проектот е University of Birmingham - NIHR Global Health Research Group of Global COPD in Primary Care (2017-2020). Проф. д-р Катерина Ставриќ е главен истражувач од Медицинскиот факултет во Скопје. • "Uniform noting for international application of the tumor-stroma ratio as easy diagnostic tool-UNITED". Носител на проектот е Универзитетскиот Медицински Центар во Лајден, Холандија. Проф д-р Гордана Петрушевска е главен истражувач од Медицинскиот факултет во Скопје. *Домашни научноистражувачки проекти и клинички студии на Центарот за семејна медицина:* • "Пропишување на антибиотици во примарна заштита во Македонија за акутни респираторни инфекции. 2019 година". Главен истражувач е Катарина Ставриќ, соработници др Биљана Герасимовска, др Радмила Ристовска, др Ирена Кондова Топузовска. *Домашни проекти чиј носител е Медицинскиот факултет, финансирани од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје:* • Проектот беше прифатен и финансиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 2016 година, а носител е проф. д-р Весна Димовска Јорданова, „Евалуација на ефектите на ласер трабекулопластика како примарен третман кај пациенти со глауком со отворен агол" (во тек). • Проектот беше прифатен и финансиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 2017 година, а носител е проф. д-р Марија Ралева, „Клинички аспекти на дијагностичката проценка на растројствата од аутистичниот спектар и коморбидните состојби кај деца и адолесценти" (во тек). • Проектот беше прифатен и финансиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 2018 година, а носител е проф. д-р Љубица Георгиевска-Исмаил „Проценка на ефекти на дебелината врз миокардна структура и функција" (во тек). • Проектот беше прифатен и финансиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 2019 година, а носител е Асс. д-р Сашо Стојчевски, "Валидација на техника на биопсија на сентинел лимфни јазли кај пациентки со ендометријален карцином". • Проектот беше прифатен и финансиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 2020 година, а носител е проф. д-р Даниела Миладинова и насл.доц. д-р Ирена Рамбабова Бушљетиќ, "Предтрансплантациона проценка на бубрежната функција кај донорите на бубрег со нуклеарно медицински методи наспроти математички формули". *Меѓународни проекти чиј носител е Медицинскиот факултет, финансирани од МОН и сè уште се во тек:* • "Теоретски студии за оштетувањето на DNK предизвикано од јонизирачко зрачење преку директна експозиција, секундарни ниско-енергетски електрони и молекуларни радикали", главен

истражувач: проф д-р Дејан Трајков, македонско-австриски проект (2018-2020).

Мегународни научноистражувачки проекти и клинички студии на Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија:

- "COMPARATIVE, RANDOMISED, SINGLE-DOSE, CROSSOVER BIOAVAILABILITY STUDY OF TELMISARTAN / INDAPAMIDE SR 80 mg / 1.5 mg FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS UNDER FASTING CONDITIONS"; (Sponsor Study Code: 19-656; CRO Study Code: LNI-284-19).
- "COMPARATIVE, RANDOMISED, SINGLE-DOSE, CROSSOVER BIOAVAILABILITY STUDY OF TELMISARTAN / INDAPAMIDE SR 80 mg / 1.5 mg FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS UNDER FED CONDITIONS"; (Sponsor Study Code: 19-661; CRO Study Code: LNI-285-19).
- "Open-label, two-period, two-sequence, two-way crossover, randomised single dose bioequivalence study of DESVENLAFAXINE 50 mg prolonged release tablets in healthy male volunteers under fed conditions" (Clinical Study Protocol code: 19ANE-3301C).
- "Open-label, two-period, two-sequence, two-way crossover, randomised single dose bioequivalence study of DESVENLAFAXINE 100 mg prolonged release tablets in healthy male volunteers under fed conditions (Clinical Study Protocol code: 19ANE-3303C).
- "COMPARATIVE, RANDOMISED, SINGLE-DOSE, CROSSOVER 4-WAY BIOAVAILABILITY STUDY OF ATORVASTATIN/EZETIMIBE 80 mg/ 10 mg FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS UNDER FASTING CONDITIONS" ; (Sponsor Study Code: 20-666; CRO Study Code: OZE-36-20).
- "COMPARATIVE, RANDOMIZED, CROSS-OVER BIOAVAILABILITY STUDY IN HEALTHY VOLUNTEERS, WITH FULL REPLICATE SINGLE-DOSE TREATMENTS OF TWO DABIGATRAN 150 mg FORMULATIONS, UNDER FASTING CONDITIONS AND MULTIPLE DAY PRE-TREATMENT WITH A PROTON PUMP INHIBITOR (PPI) ; (Sponsor Study Code: 20-779; CRO Study Code: BAD-103-20).
- "SINGLE DOSE, COMPARATIVE BIOAVAILABILITY STUDY OF TWO FORMULATIONS OF RANOLAZINE 750 MG PROLONGED-RELEASE TABLETS UNDER FASTING CONDITIONS"; (Sponsor Study Code: 19-654; CRO Study Code: NAR-261-19).
- "COMPARATIVE, RANDOMISED, SINGLE-DOSE, CROSSOVER, 4-WAY BIOAVAILABILITY STUDY OF DAPAGLIFLOZIN 10 mg FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS UNDER FASTING CONDITIONS" ; (Sponsor Study Code: 20-663; CRO Study Code: PAD-30-20).
			од 77 до 84 бода	8 (осум) (C)
			од 85 до 92 бода	9 (девет) (B)
			од 93 до100 бода	10 (десет) (A)
19.	Услов за потпис и полагање на завршен испит		Присуство на теоретска настава и вежби, изработен семинарски труд и најмалку 16 бодови на писмената проверка на знаењата-тест.	
20.	Јазик на кој се изведува наставата		Македонски	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Студенска анонимна евалуација за предметот и наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Patrick Waller	An Introduction to Pharmacovigilance. Second edition	John Wiley & Sons Ltd	2017
		2.	Andrew Bate	Methods in Pharmacology and Toxicology: Evidence-Based Pharmacovigilance	Humana press	2018
		3.	European Medicines Agency (EMA)	Guideline on good pharmacovigilance practices (GVP) Module VI – Collection, management and submission of reports of suspectedn adverse reactions to medicinal products	EMA/873138 /2011 Rev 2*	28 July 2017
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година

		1.	Anne LEE	Adverse Drug Reactions	Pharmaceutical Press	2002
		2.	Министерство за здравство на Република Северна Македонија	Закон за лековите и медицински средства на со вклучени сите изменувања и дополнувања		Службен весник на РМ бр. 53/2016
		3.	Министерство за здравство на Република Северна Македонија	Правилник за начинот и постапката за клиничките испитувања на лековите и содржината на документацијата	Министерство за здравство на РМ	Службен весник на РМ бр. 29/2009
		4.	Министерство за здравство на Република Северна Македонија	Правилник за начинот на пријавување, содржината на образецот за пријавување на несаканите реакции на лековите и начинот на организација на системот на фармаковигиланца.	Министерство за здравство на РМ	Службен весник на РМ бр. 93/2008

Прилог бр.3	**Предметна програма од трет циклус на студии**				
1.	Наслов на наставниот предмет	**Значење на фармагенетското типизирање**			
2.	Код				
3.	Студиска програма	Базична медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ-Медицински факултет Катедра по Фармакологија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус			
6.	Академска година / семестар	Прва/2	7.	Број на ЕКТС кредити	6
8.	Наставник	Вон. Проф. д-р Круме Јаќовски			
9.	Предуслови за запишување на предметот	/			
10.	Цели на предметната програма (компетенции): • Развивање на општи и специфични компетенции; • Усвојување на начелата и методологијата на истражување од областа на предметот што ќе овозможи критичка оценка на улогата дометот и ограничувањата на специфичните истражувачки методи; Користење на литература од областа на предметот и нејзина критичка анализа.				
11.	Содржина на предметната програма: Фармакогенотипизацијата е метода на молекуларната дијагностика која се однесува на тестирање на полиморфизмот на гените вклучени во метаболизмот на лековите. Фармакогенотипизацијата овозможува препознава-ње на хетерозиготни или				

	хомозиготни носители на генско пореметување кои се изложени на можно намалување или одсуство на ефектот на терапијата со некои лекови кои се супстрат за испитуваниот ензим или на појава на несакани дејства од терапијата. Во оквир на предметот ќе се изработат тестови на полиморфизмот на гени за ензимите CYP2D6, CYP2C9 и CYP2C19 кои ќе бидат типизирани со помош на молекуларно-биохемиски методи и ќе биде демонстрирано влијанието на полиморфизмот на гените врз фармако-кинетските параметри на лекови кои се супстрат за овие ензими.			
12.	Методи на учење: Интерактивни предавања, вежби семинари			
13.	Вкупен расположив фонд на време		20 часови	
14.	Распределба на расположивото време			
15.	Форми на наставните активности	15.1.	Предавања- теоретска настава	3 часови
		15.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа	17 часови
16.	Други форми на активности	16.1.	Проектни задачи	часови
		16.2.	Самостојни задачи	часови
		16.3.	Домашно учење	50 часови
17.	Начин на оценување			
	17.1.	Тест (30 бодови) и завршен испит (40 бодови)		70 бодови
	17.2.	Семинарска работа/ проект (презентација: писмена и усна)		25 бодови
	17.3.	Активност и учество		5 бодови
18.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 59 бода	5 (пет) (F)
			од 60 до 68 бода	6 (шест) (E)
			од 69 до 76 бода	7 (седум) (D)
			од 77 до 84 бода	8 (осум) (C)
			од 85 до 92 бода	9 (девет) (B)
			од 93 до100 бода	10 (десет) (A)
19.	Услов за потпис и полагање на завршен испит	Присуство на теоретска настава и вежби, изработен семинарски труд и најмалку 16 бодови на писмената проверка на знаењата-тест.		
20.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски		
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Студенска анонимна евалуација за предметот и наставниците и соработниците кои учествуваат во изведувањето на наставата		

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Walsh, P.S., Metzger, D.A. and Higuchi, R.	BioTehniques, 10, 506-513		1991

		2.	Sambrook J, Russell, D W. Detection of DNA in agarose gels.	Molecular cloning. A laboratory manual. CSH Laboratory.	CSH Laboratory Press.	2001; 5.36 -5.38.
		3.	Willard, J.M., Lee, D.A. and Holland, M.M. (1998)	Methods in Molecular Biology, Vol.98: Forensic DNA Profiling Protocols, pp. 9-18.		1998
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Гудман и Гилман: Лоренс Брунтон, Џон Ласо, Кејт Паркер	Фармаколошка основа на терапевтиците	Табернакул	2011
		2.				
		3.				

Прилог бр.3	**Предметна програма од трет циклус на студии**				
1.	Наслов на наставниот предмет	**Научен пристап во менаџирањето на професионалните имуноалергиски болести**			
2.	Код				
3.	Студиска програма	Базична медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Катедра за медицина на трудот, Институт за медицина на труд на РСМ, СЗО колаборативен центар			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус			
6.	Академска година / семестар	Втор семестар	7.	Број на ЕКТС кредити	6 кредити
8.	Наставник	Проф.д-р Јованка Караџинска Бислимовска			
9.	Предуслови за запишување на предметот				
10.	Цели на предметната програма (компетенции): Стекнување знаења и вештини за примена на научноистражувачките методи во професионалната имуноалергологија				
11.	Содржина на предметната програма: Теоретска настава: -Професионални имуноалергиски заболувања-дефиниција - Научно-истражувачки принципи и методи во менаџирањето на професионални имуноалергиски заболувања -Индикатори на епидемиолошка евалуација - Работно место, работна средина, професионална експозиција - Професионални штетности - етиолошки, контрибутивен, влошувачки фактор - Индивидуални ризик фактори : генетски детерминанти, атопија,пушење и др - Патогенетски механизми (имуноалергиски реакции, дизајн на одговор, ефект на				

	организмот) - Клинички профили (клинички ефекти на одделни органи и системи) - Професионални имуноалергиски респираторни заболувања - Професионални имуноалергиски кожни заболувања - Професионални имуноалергиски заболувања на други органи и системи - Насочени дијагностички постапки, методи и процедури - Тераписки водичи за одделни професионални имуноалергиски заболувања, оценка на работна способност - Превентивна стратегија (примарна, секундарна, терцијарна) - Медико-легални аспекти кај професионалните имуноалергиски заболувања Практична настава: - Евалуација на работното место, проценка на ризик (примери за анализа и дискусија) - Клиничка евалуација на специфични ентитети (избрани примери, анализа и евалуација на научната литература - Специфични имунолошки тестови (ин виво и ин витро) во пракса - Фукционална проценка на одделни органи и системи во Dg на професионалните имуноалергиски заболувања - Специфични дијагностички постапки и методи во верификација на професионалните имуноалергиски заболувања-проблеми и решенија од пракса - Приказ на случаи: менаџмент и примена на актуелната легислатиива во пракса (примери за анализа и дискусија) - Тераписки модалитети (приказ на случаи- анализа и евалуација на научната литература) - Информативен систем и индикатори на здравјето на работниците - Дефинирање на специфични таргет групи во работната популација-приказ на епидемиолошко-клинички истражувања - Примена на интеревентни превентивни програми (примери, анализа, препораки)			
12.	Методи на учење:интерактивна настава, семинарски труд, проектна задача, работилница,			
13.	Вкупен расположив фонд на време			
14.	Распределба на расположивото време			
15.	Форми на наставните активности	15.1.	Предавања- теоретска настава	30 часови
		15.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа	30 часови
16.	Други форми на активности	16.1.	Проектни задачи	30 часови
		16.2.	Самостојни задачи	30 часови
		16.3.	Домашно учење	часови
17.	Начин на оценување			
	17.1.	Тестови		30 бодови
	17.2.	Семинарска работа/ проект (презентација: писмена и усна)		50 бодови
	17.3.	Активност и учество		20 бодови
18.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 59бода	5 (пет) (F)
			од 60 до 68 бода	6 (шест) (E)
			од 69 до 76 бода	7 (седум) (D)

		од 77 до 84 бода	8 (осум) (C)
		од 85 до92 бода	9 (девет) (B)
		од 93 до 100 бода	10 (десет) (A)
19.	Услов за потпис и полагање на завршен испит		
20.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Анонимна студентска евалуација	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Бислимовска-Карацинска Ј, Минов Ј,Ристеска-Куч С, Мијакоски Д, Столески С.	Медицина на труд	Универзитет „Св.Кирил Методиј“, Скопје	2011
		2.	Докиќ Д. и сор. (Антова М, Брешковска Г, Влашки Е, Гривчева-Пановска В, Докиќ Д, Ѓорчев А, Јовковска-Ќаева Б,Карацинска Бислимовска Ј, Мијакоски Д, Минов Ј, Николовска С, Петличковски А, Столески С, Трајковска-Докиќ Е, Филипче И, Шутуркова Љ).	Алергологија Универзитетски учебник	Матица македонска, Скопје	2017
		3.	Rom WN (ed).	Environmental and occupational health, 4th ed.	Boston: Lippincot Williams& Wilkins	2007
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Karadzinska-Bislimovska J, Minov J, Risteska-Kuc S. Ed.Georgieva L, Burazeri G.	Occupational lung diseases as a public health problem. In: Health determinants in the scope of new public health	Sofia, Hans Jacobs Publishing Company	2005

		2.	Цветанов В (ур.).	Алергиските болести во Р. Македонија.	Скопје: Институт за медицина на трудот,&Македонско здружение за базична и кл.имунологија и алергологија	2006
		3.	Минов Ј.	Болести на белите дробови и плеврата поврзани со професионалната експозиција	Скопје: Пристоп& Институт за медицина на трудот на РМ	2009

Прилог бр.3	**Предметна програма од трет циклус на студии**				
1.	Наслов на наставниот предмет	**Професионална експозиција и детерминанти на здравје**			
2.	Код				
3.	Студиска програма	Базична медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Катедра за медицина на трудот, Институт за медицина на труд на РМ, СЗО колаборативен центар			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус			
6.	Академска година / семестар	Втор семестар	7.	Број на ЕКТС кредити	6 кредити
8.	Наставник	Проф.д-р Јованка Карацинска Бислимовска			
9.	Предуслови за запишување на предметот				
10.	Цели на предметната програма (компетенции): Изучување на ефектите на професионалната експозиција врз здравјето на работниците и стекнување знаења и вештини за примена на научноистражувачки методи во проценка на релација професионална експозиција и здравје				
11.	Содржина на предметната програма: Теоретска настава: - Здравје и детерминанти на здравје-дефиниција - Нов СЗО пристап- „Од медицината на трудот до здравјето на работниците” , Медицината на трудот како интегрален сегмент на здравствениот систем - СМТ - Социоекономски детерминанти , животен стил , еколошки детерминанти на здравјето на работниците -Работно место, работна средина, професионален ризик -Екотехнолошки процеси во работната средина и специфичен еколошки ризик ; стари и				

	нови технологии; однос животна-работна средина -Професионална експозиција, дефинција, карактеристики -Професионални штетности- класификација и карактеристики ; етиолошки, контрибутивен, влошувачки фактор -Агенс, реакција, одговор и ефект (етиолошки фактори,патогенетски и патофизиолошки механизми) во релација со професионалната експозиција -Специфични клинички ентитети,Клинички форми-појава, манифестации, дијагноза еволуција, прогноза -Тераписки протоколи и процедури; оценка на работна способност; рехабилитација -Превентивна стратегија-нивоа и мерки; промоција на здравјето на работното место мултидисциплинарен и интерсекторски пристап; медиколегислативни аспекти Практична настава: -Евалуација на работното место, проценка на ризик (примери од пракса, анализа и дискусија) -Професионални болести, болести во врска со работа и повреди на работа; апсентизам , инвалидност(избрани примери- анализа, евалуација, препораки) -Информативен систем и здравјето на работниците - Приказ на случаи- решенија во пракса (анализа и евалуација на научната литература) -Препораките за превенција и промоција на здравјето на работа (примери и решенија од пракса)			
12.	Методи на учење:интерактивна настава, семинарски труд, работилница,			
13.	Вкупен расположив фонд на време			
14.	Распределба на расположивото време			
15.	Форми на наставните активности	15.1.	Предавања- теоретска настава	30 часови
		15.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа	30 часови
16.	Други форми на активности	16.1.	Проектни задачи	30 часови
		16.2.	Самостојни задачи	30 часови
		16.3.	Домашно учење	часови
17.	Начин на оценување			
	17.1.	Тестови		30 бодови
	17.2.	Семинарска работа/ проект (презентација: писмена и усна)		50 бодови
	17.3.	Активност и учество		20 бодови
18.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 59бода	5 (пет) (F)
			од 60 до 68 бода	6 (шест) (E)
			од 69 до 76 бода	7 (седум) (D)
			од 77 до 84 бода	8 (осум) (C)
			од 85 до92 бода	9 (девет) (B)
			од 93 до 100 бода	10 (десет) (A)
19.	Услов за потпис и полагање на завршен испит			
20.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски		

21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Анонимна студентска евалуација

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Бислимовска-Карацинска Ј, Минов Ј,Ристеска-Куч С, Мијакоски Д, Столески С.	Медицина на труд	Универзитет „Св.Кирил Методиј“, Скопје	2011
		2.	Rom WN (ed).	Environmental and occupational health, 4th ed.	Boston: Lippincot Williams&Wilkins	2007
		3.	Detels R, Beaglehole R,Lansang MA, Gulliford M..editors	Oxford Textbook of Public Health.5th edition,	Oxford:Oxford University Press.	2011
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	McCunney RJ.	A practical approach to Occupational and Environmental Medicine,	Third edition:530-546.Philadelphia: Lippincott Williams&Wilkins,	2003
		2.	Rosenstock L, Mark R, Cullen MD, Brodkin CA,Redcklif C.	Textbook of Clinical Occupational and Environmental Medicine	Elsevier Inc.	2005
		3.				

Прилог бр.3	**Предметна програма од трет циклус на студии**	
1.	Наслов на наставниот предмет	**Професионални болести и болести во врска со работата**
2.	Код	
3.	Студиска програма	Базична медицина
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра по медицина на трудот
5.	Степен на образование (прв односно втор циклус)	Трет циклус

6.	Академска година / семестар	I/II семестар	7.	Број на ЕКТС кредити	6
8.	Наставник	**Проф. д-р Јордан Минов**			
9.	Предуслови за запишување на предметот	Положени испити од прв и втор семестар			
10.	**Цели на предметната програма**: Да се обезбеди знаење и вештина за препознавање, етиолошка проценка, дијагностика, третман и превенција на болестите поврзани со професионалната изложеност, како и за актуелната легислатива од оваа област. Студентот ќе биде оспособен да ги примени стекнатите знаења за изведување на научно-истражувачка работа и изработка на научен труд од оваа област.				
11.	Содржина на предметната програма: **Теоретска настава:** - Професионални болести и болести во врска со работата - дефиниција, легислатива, патогенеза, дијагностика, третман, превенција - Професионални болести и болести во врска со работата на респираторниот систем, КВС, црниот дроб, УТ, локомоторниот систем, ЦНС и ПНС, кожата - Професионални инфективни болести - Професионални малигни неоплазми **Практична настава:** - Астма во врска со работата/професионална астма - приказ на случаи и клиничко-епидемиолошки истражувања - ХОББ, хиперсензитивен пневмонит, силикоза, болести на белите дробови предизвикани од професионална експозиција на азбест, акутен иритационен респираторен синдром - приказ на случаи и клиничко-епидемиолошки истражувања - Професионален контакт дерматит, анафилаксија предизвикана од латекс - приказ на случаи - Професионално труење со олово, кадмиум и стирен - приказ на случаи - Професионален токсичен хепатит - приказ на случаи - Професионални оштетувања од висока температура - приказ на случаи - Професионални крвно преносливи инфективни болести - приказ на случаи - Професионални малигни неоплазми (респираторен систем, кожа, мочен меур) - приказ на случаи **Индивидуална работа:** - Евалуација на литература - Семинари (3) за дијагностички пристап кон болни со болести поврзани со работата - Консултации				
12.	Методи на учење: Интерактивна настава, предавања, вежби, семинарска работа				
13.	Вкупен расположив фонд на време	270 часови			
14.	Распределба на расположивото време				
15.	Форми на наставните активности	15.1.	Предавања- теоретска настава	30 часови (1 кредит)	
		15.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа	50 часови (2 кредити)	

16.	Други форми на активности	16.1.	Проектни задачи	20 часови
		16.2.	Самостојни задачи	20 часови
		16.3.	Домашно учење	150 часови

17.	Начин на оценување		
	17.1.	Тестови	15-25 бодови
	17.2.	Семинарска работа/ проект (презентација: писмена и усна)	35-45 бодови
	17.3.	Активност и учество	10-30 бодови

18.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 59 бода	5 (пет) (F)
		од 60 до 68 бода	6 (шест) (E)
		од 69 до 76 бода	7 (седум) (D)
		од 77 до 84 бода	8 (осум) (C)
		од 85 до 92 бода	9 (девет) (B)
		од 93 до 100 бода	10 (десет) (A)
19.	Услов за потпис и полагање на завршен испит	Редовна посета на теоретската и практичната настава и семинарите. За да пристапи на завршниот испит студентот треба да изработи семинарски труд во писмена форма. Оценката се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот од бодовите од сите активности континуираните проверки и завршниот испит.	
20.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски јазик (по потреба англиски јазик)	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Анонимна студентска евалуација за предметот, наставникот и соработниците кои учествуваат во наставата.	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Карацинска-Бислимовска Ј, Минов Ј, Ристеска-Куч С, Мијакоски Д, Столески С	Медицина на трудот	УКИМ Скопје	2011
		2.	Минов Ј	Болести на белите дробови и плеврата поврзани со професионалната експозиција	Пристоп МК, Скопје & Институт за медицина на трудот на Р. Македонија, Скопје	2010

		3.	Rom WN (ed.)	Environmental and Occupational Health (4th ed.)	Lippincot & Williams, Boston	2007
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Braunwald E, Isselbacher KJ, Petersdorf JG, et al. (eds.)	Harrison's Principles of Internal Medicine (17th ed.)	McGrow-Hill Book Company, New York	2015
		2.	Minov J	COPD and the Workplace	Nova Science Publishers, Inc., New York	2016
		3.				

Прилог бр.3	**Предметна програма од трет циклус на студии**				
1.	Наслов на наставниот предмет	**Респираторно здравје и аерополутанти од животната и работната средина**			
2.	Код				
3.	Студиска програма	Базична медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра по медицина на трудот			
5.	Степен на образование (прв односно втор циклус)	Трет циклус			
6.	Академска година / семестар	I/II семестар	7.	Број на ЕКТС кредити	6
8.	Наставник	**Проф. д-р Јордан Минов**			
9.	Предуслови за запишување на предметот	Положени испити од прв и втор семестар			
10.	**Цели на предметната програма (компетенции):** Да се обезбеди знаење за најважните аерополутанти од животната и работната средина кај нас, нивните ефекти врз респираторниот систем, како и за дијагностиката, третманот и превенцијата на респираторните болести поврзани со изложеноста на аерополутанти. Студентот ќе биде оспособен да ги примени стекнатите познавања за изведување на научно-истражувачка работа и изработка на научен труд од оваа област.				
11.	Содржина на предметната програма: **Теоретска настава:** - Аерополутанти од животната и работната средина - прашини, чадови, гасови и пареи - Активно и пасивно пушење - Респираторно здравје и аерополуција - Астма, ХОББ, хиперсензитивен пневмонит, фиброгени пневмокониози, акутен иритативен респираторен синдром, опструктивна sleep апнеа, малигни неоплазми на				

	белите дробови - Превенција на оштетувањата на респираторното здравје предизвикани од аерополтантите од животната и работната средина **Практична настава:** - Проценка на аерополуцијата во животната и работната средина - Анамнеза и работна анамнеза, функционални нарушувања на белите дробови при опструктивниот и рестриктивниот синдром - Астма, ХОББ, егзацербации на астма и ХОББ, пневмокониози, опструктивна sleep апнеа, малигни неоплазми на белите дробови - прикази на случаи и на клиничко-епидемиолошки истражувања **Индивидуална работа:** - Евалуација на литература - Семинари (3) за најважните аерополутанти и нивните ефекти врз респираторното здравје - Консулатции			
12.	Методи на учење: Интерактивна настава, предавања, вежби, семинарска работа			
13.	Вкупен расположив фонд на време		270 часови	
14.	Распределба на расположивото време			
15.	Форми на наставните активности	15.1.	Предавања- теоретска настава	30 часови
		15.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа	50 часови
16.	Други форми на активности	16.1.	Проектни задачи	20 часови
		16.2.	Самостојни задачи	20 часови
		16.3.	Домашно учење	150 часови
17.	Начин на оценување			
	17.1.	Тестови		15-25 бодови
	17.2.	Семинарска работа/ проект (презентација: писмена и усмена)		35-45 бодови
	17.3.	Активност и учество		10-30 бодови
18.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 59 бода	5 (пет) (F)
			од 60 до 68 бода	6 (шест) (E)
			од 69 до 76 бода	7 (седум) (D)
			од 77 до 84 бода	8 (осум) (C)
			од 85 до 92 бода	9 (девет) (B)
			од 93 до 100 бода	10 (десет) (A)
19.	Услов за потпис и полагање на завршен испит	Редовна посета на теоретската и практичната настава и семинарите. За да пристапи на завршниот испит студентот треба да изработи семинарски труд во писмена форма. Оценката се формира според табелата на оценки,		

		а врз основа на збирот од бодовите од сите активности континуираните проверки и завршниот испит.
20.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски јазик (по потреба англиски јазик)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Анонимна студентска евалуација за предметот, наставникот и соработниците кои учествуваат во наставата.

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Карацинска-Бислимовска Ј, Минов Ј, Ристеска-Куч С, Мијакоски Д, Столески С	Медицина на трудот	УКИМ Скопје	2011
		2.	Минов Ј	Болести на белите дробови и плеврата поврзани со професионалната експозиција	Пристоп МК, Скопје & Институт за медицина на трудот на Р. Македонија, Скопје	2010
		3.	Rom WN (ed.)	Environmental and Occupational Health (4th ed.)	Lippincot & Williams, Boston	2007
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Murray JF, Nadel JA (eds.)	Textbook of Respiratory Medicine (4th ed.)	W.B. Saunders Company, Philadelphia	2005
		2.	Minov J	COPD and the Workplace	Nova Science Publishers, Inc., New York	2016
		3.				

Прилог бр.3	**Предметна програма од трет циклус на студии**	
1.	Наслов на наставниот предмет	**Професионални малигни неоплазми**
2.	Код	
3.	Студиска програма	Базична медицина
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра по медицина на трудот
5.	Степен на образование (прв односно втор циклус)	Трет циклус

6.	Академска година / семестар	I/II семестар	7.	Број на ЕКТС кредити	6
8.	Наставник	**Науч. сор. д-р Сашо Столески**			
9.	Предуслови за запишување на предметот	Положени испити од прв и втор семестар			
10.	**Цели на предметната програма**: Да се обезбеди знаење и вештини за примена на основните принципи за превенција на професионалните малигни неоплазми, евалуација на достапната литература од оваа област, придонес за спроведување здравствени интервенции за превенција на овие болести и оценка на успешноста на интервентните програми од оваа област. Студентот ќе биде оспособен да ги примени стекнатите знаења за изведување на научно-истражувачка работа и изработка на научен труд од оваа област.				
11.	Содржина на предметната програма: **Теоретска настава:** - Професионални малигни неоплазми – дефиниција, патогенетски механизми, дијагностика и третман - Професионални канцерогени и канцероген ризик (класификација според Меѓународната агенција за истражување на канцерот - IARC) - Професионални малигни болести - превенција - Професионални малигни неоплазми - клиничко-епидемиолошки истражувања - Професионални малигни неоплазми - можности за здравствени интервенции **Практична настава:** - Професионални малигни неоплазми на кожата - приказ на случаи - Професионални малигни неоплазми на белите дробови и плеврата - приказ на случаи - Професионални малигни неоплазми на горните дишни патишта - приказ на случаи - Професионални малигни неоплазми на хематопоетскиот систем - приказ на случаи - Професионални малигни неоплазми на гастроинтестионалниот тракт - приказ на случаи - Професионални малигни неоплазми на репродуктивниот систем - приказ на случаи - Професионални малигни неоплазми на ендокриниот систем - приказ на случаи **Индивидуална работа:** - Евалуација на литература - Семинари (3) за дијагностички пристап кон професионалните малигни неоплазми и нивната поврзаност со интензитетот и фреквенцијата на професионалната експозиција - Консултации				
12.	Методи на учење: Интерактивна настава, предавања, вежби, семинарска работа				
13.	Вкупен расположив фонд на време	270 часови			
14.	Распределба на расположивото време				
15.	Форми на наставните активности	15.1.	Предавања- теоретска настава	30 часови (1 кредит)	
		15.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа	50 часови (2 кредити)	
16.	Други форми на активности	16.1.	Проектни задачи	20 часови	

		16.2.	Самостојни задачи	20 часови
		16.3.	Домашно учење	150 часови

17.	Начин на оценување		
	17.1.	Тестови	15-25 бодови
	17.2.	Семинарска работа/ проект (презентација: писмена и усна)	35-45 бодови
	17.3.	Активност и учество	10-30 бодови

18.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 59 бода	5 (пет) (F)
		од 60 до 68 бода	6 (шест) (E)
		од 69 до 76 бода	7 (седум) (D)
		од 77 до 84 бода	8 (осум) (C)
		од 85 до 92 бода	9 (девет) (B)
		од 93 до 100 бода	10 (десет) (A)
19.	Услов за потпис и полагање на завршен испит	Редовна посета на теоретската и практичната настава и семинарите. За да пристапи на завршниот испит студентот треба да изработи семинарски труд во писмена форма. Оценката се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот од бодовите од сите активности континуираните проверки и завршниот испит.	
20.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски јазик (по потреба англиски јазик)	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Анонимна студентска евалуација за предметот, наставникот и соработниците кои учествуваат во наставата.	

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Карацинска-Бислимовска Ј, Минов Ј, Ристеска-Куч С, Мијакоски Д, Столески С	Медицина на трудот	УКИМ Скопје	2011
		2.	Rom WN (ed.)	Environmental and Occupational Health (4^{th} ed.)	Lippincot & Williams, Boston	2007
		3.	International Agency for Research on Cancer.	IARC Monograph on the Evaluation of the Carcinogenic Risk of Chemical To Humans. Some Industrial Chemicals. Vol. 115.	IARC, Lyon	2018
	22.2.	Дополнителна литература				

		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Anttila S, Boffetta P.	Occupational Cancers	Springer	2014
		2.	Linda R, Mark C, Carl B, Carrie R.	Textbook of Clinical Occupational and Environmental Medicine 2nd Edition	Saunders	2004
		3.	Carol J.B.	ICD-10-CM Draft Edition	Elsevier Health Sciences	2013

Прилог бр.3	**Предметна програма од трет циклус на студии**				
1.	Наслов на наставниот предмет	**Психосоцијални фактори на работното место**			
2.	Код				
3.	Студиска програма	Базична медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ – Медицински факултет Катедра по медицина на трудот			
5.	Степен на образование (прв односно втор циклус)	Трет циклус			
6.	Академска година / семестар	I/II семестар	7.	Број на ЕКТС кредити	6
8.	Наставник	**Н. сор. д-р Драган Мијакоски**			
9.	Предуслови за запишување на предметот	Положени испити од прв и втор семестар			
10.	**Цели на предметната програма**: Да се обезбеди знаење и вештини за: примена на основните принципи на идентификација на психосоцијалните фактори на работното место; анализа на стресот поврзан со работата и синдромот на согорување; утврдување и примена на методологијата за анализа на стресогените фактори поврзани со работата според моделот на барања и ресурси на работното место; да овозможи примена на современите епидемиолошки методи во оваа област; да придонесе за креирање и примена на организациски интервенции според принципите на акциското истражување. Студентот ќе биде оспособен да ги примени стекнатите знаења за изведување на научно-истражувачка работа и изработка на научен труд од оваа област.				
11.	Содржина на предметната програма: **Теоретска настава:** - Психолошки аспекти на работата - основен концепт и дефиниции - Значење на психосоцијалните фактори на работното место - Модел на барања и ресурси на работното место (Job Demands/Resources Model) - Стрес поврзан со работата и синдром на согорување - дефиниции, епидемиолошки податоци и негативни ефекти - Синдром на согорување *vs*. ангажирање на индивидуата при работењето - Значење на организациската култура и тимската работа				

	- Примена на современите епидемиолошки методи во научните истражувања од оваа област - Примена на интервенции за превенција на негативните ефекти од психосоцијалните фактори на работното место - Улога на акциското истражување во креирање и примена на организациски интервенции - епидемиолошки студии и case studies со евалуација на научната литература од интерес **Практична настава:** - Утврдување и примена на методологијата за евалуација на психосоцијалните фактори на работното место, стресот поврзан со работата и синдромот на согорување - Практична примена на епидемиолошките методи за анализа на психосоцијалните фактори на работното место, стресот поврзан со работата и синдромот на согорување и изведување релевантни заклучоци - Креирање на организациски интервенции за редуцирање на стресот поврзан со работата според принципите на акциското истражување **Индивидуална работа:** - Евалуација на литература - Семинари (3) за анализа на психосоцијалните фактори на работното место - Консултации			
12.	Методи на учење: Интерактивна настава, предавања, вежби, семинарска работа			
13.	Вкупен расположив фонд на време		270 часови	
14.	Распределба на расположивото време			
15.	Форми на наставните активности	15.1.	Предавања - теоретска настава	30 часови (1 кредит)
		15.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа	50 часови (2 кредити)
16.	Други форми на активности	16.1.	Проектни задачи	20 часови
		16.2.	Самостојни задачи	20 часови
		16.3.	Домашно учење	150 часови
17.	Начин на оценување			
	17.1.	Тестови		15-25 бодови
	17.2.	Семинарска работа/ проект (презентација: писмена и усна)		35-45 бодови
	17.3.	Активност и учество		10-30 бодови
18.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 59 бода	5 (пет) (F)
			од 60 до 68 бода	6 (шест) (E)
			од 69 до 76 бода	7 (седум) (D)
			од 77 до 84 бода	8 (осум) (C)
			од 85 до 92 бода	9 (девет) (B)
			од 93 до 100 бода	10 (десет) (A)
19.	Услов за потпис и полагање на завршен испит	Редовна посета на теоретската и практичната настава и семинарите. За да пристапи на завршниот испит студентот треба да изработи семинарски труд во писмена		

		форма. Оценката се формира според табелата на оценки, а врз основа на збирот од бодовите од сите активности, континуираните проверки и завршниот испит.
20.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски јазик (по потреба англиски јазик)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Анонимна студентска евалуација за предметот, наставникот и соработниците кои учествуваат во наставата.

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Карацинска-Бислимовска Ј, Минов Ј, Ристеска-Куч С, Мијакоски Д, Столески С	Медицина на трудот	УКИМ Скопје	2011
		2.	Rom WN (ed.)	Environmental and Occupational Health (4th ed.)	Lippincot & Williams, Boston	2007
		3.	Tulchinsky T, Varavikova E.	The New Public Health (3rd ed.)	Academic Press, San Diego	2014
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Sauter S, Murphy L, Colligan M, et al.	Stress at Work. DHHS (NIOSH) Publication No. 99-101	National Institute for Occupational Safety and Health (NIOSH), Cincinnati, OH	1999
		2.	Leka S, Griffiths A, Cox T, Institute of Work, Health & Organizations	Work Organization and stress: systematic problem approaches for employers, managers and trade union representatives	World Health Organization (WHO), Geneva	2004
		3.	European Commission, Directorate-General for Employment and Social Affairs	Guidance on work-related stress. Spice of life or kiss of death?	Office for Official Publications of the European Communities, Luxembourg	2000
		4.	European Foundation for the Improvement of Living and Working Conditions	Work-related stress	European Foundation for the Improvement of Living and	2007

					Working Conditions, Dublin	
		5.	Bakker AB, Leiter MP (eds.)	Work engagement: a handbook of essential theory and research	Psychology Press, New York, NY	2010

Прилог бр.3	**Предметна програма од трет циклус на студии**				
1.	Наслов на наставниот предмет	**ЈАВНО ЗДРАВСТВО ВО УСЛОВИ НА ИТНОСТИ И КАТАСТРОФИ**			
2.	Код				
3.	Студиска програма	Базична медицина			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ-Медицински факултет Катедра по хигиена			
5.	Степен на образование (прв односно втор циклус)	Трет циклус			
6.	Академска година / семестар	1 / 2	7.	Број на ЕКТС кредити	6
8.	Наставник	**Проф. д-р Михаил Кочубовски**			
9.	Предуслови за запишување на предметот	Без			
10.	**Цели на предметната програма (компетенции):** Предизвици и улоги на здравствениот систем за подготовка и одговор при итни, вонредни/кризни состојби и катастрофи				
11.	Содржина на предметната програма: *Теоретска работа:* Вовед, дефиниција:здравствена екологија-здравје-болест-околина, промени во животната средина-релација со здравјето на човекот; DPSEEA методологија во процена на здравствено еколошките ризици. Глобални еколошки движења и притисоци и здравствено еколошки предизвици. Здравствена екологија при катастрофи (водоснабдување, отпад, санитација, сместување, фактори на животната средина, стандарди на SPHERE). Законска регулатива во областа на вонредни/кризни состојби. Меѓународен здравствен правилник и конвенциии и протоколи во функција на глобалната заштита на животната средина и здравјето. Анализа на хазард и ризик за интерсекторско планирање при вонредни/кризни состојби. Комуникација при ризик. Процена на штетите и анализа на потребите, брза проценка на здравствените потреби. Стандардни оперативни процедури. Процес на опоравување и реконструкција – закани по животната средина и здравјето *Индивидуална работа:* Дискусии, евалуација на научна литература, семинари, консултации по сегменти од интерес				
12.	Методи на учење: Предавања, интерактивна настава, демонстрација, комјутерска симулација, прикажување на филмови од областа, семинарска работа, учество на симулациона вежба, евалуација на симулациона вежба				
13.	Вкупен расположив фонд на време	270 часови			
14.	Распределба на расположивото време				
15.	Форми на наставните активности	15.1.	Предавања- теоретска настава	30 часови	
		15.2.	Вежби (лабораториски,	50 часови	

			аудиториски), семинари, тимска работа	
16.	Други форми на активности	16.1.	Проектни задачи	часови
		16.2.	Самостојни задачи	30 часови
		16.3.	Домашно учење	160 часови

17.	Начин на оценување			
	17.1.	Тестови (устен испит)		15 -25 бодови
	17.2.	Семинарска работа/ проект (презентација: писмена и усна)		35 - 45 бодови
	17.3.	Активност и учество		10 - 30 бодови
18.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 59 бода	5 (пет) (F)
			од 60 до 68 бода	6 (шест) (E)
			од 69 до 76 бода	7 (седум) (D)
			од77 до 84 бода	8 (осум) (C)
			од 85 до 92 бода	9 (девет) (B)
			од 93 до 100 бода	10 (десет) (A)
19.	Услов за потпис и полагање на завршен испит	Условувачки критериуми: За да добие потпис студентот е потребно да ја посетува теоретската, практичната настава и да освои минимум бодови За да пристапи на завршен испит студентот треба да подготви семинарски труд, а потоа пристапува на завршен испит. Оценката за предметот се формира според сите активности учество на наставата, семинарската тема и завршниот испит.		
20.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски, а по можност и англиски за странски студенти		
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидени активности со коишто освојува бодови како дел од завршното оценување. Следењето на наставата е задолжително. Самостојно изготвување на семинарски теми, нивно презентирање и дебатирање е задолжително. Студентска анонимна евалуација за предметот и наставникот.		

22.	Литература					
		Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
	22.1.	1.	Кочубовски М, Ѓорѓев Д., Кендровски В, Ристовска Г.	Хигиена и здравствена екологија	Медицински факултет, Републички завод за здравствена заштита	2008

		2.	Кочубовски М.	План за подготовеност и одговор на здравствениот систем при справување со итни, кризни остојби и катастрофи	Министерство за здравство	2017
		3.	Кочубовски М.	План за одговор при вонредни/кризни остојби на ниво на ЈЗУ Универзитетска Клиника по хируршки болести „Св.Наум Охридски“-Скопје	Министерство за здравство	2013
			IASC	Inter-Agency Contingency planning guidelines for humanitarian assistance	Inter-Agency Standing Committee – IASC	2007
			WHO	Manual for the health care of children in humanitarian emergencies	WHO	2008
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Кочубовски М.	Интерен сет од презентации во Power Point и видео клипови	Интерно	2013
		2.	Тулчински Т.	Новото јавно здравство	НИП Студентски збор	2003
		3.	www.who.euro.int http://www.safehospitals.info/ http://www.euro.who.int/chemsafety http://www.who.int/hac/en/ http://www.epa.gov/ http://www.cdc.gov/ http://new.paho.org/ www.unisdr.org/wdrc-2008-2009			

Прилог бр.3		**Предметна програма од трет циклус на студии**
1.	**Наслов на наставниот предмет**	**КОНТРОЛА И ПРЕВЕНЦИЈА НА ПОВРЕДИ И НАСИЛСТВО - ИСТРАЖУВАЊЕ И ПРОМОЦИЈА НА БЕЗБЕДНОСТ**
2.	**Код**	
3.	**Студиска програма**	Базична медицина
4.	**Организатор на**	УКИМ Медициски факултет – Скопје

	студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Катедра за Социјална медицина			
5.	**Степен (прв, втор, трет циклус)**	Трет циклус			
6.	**Академска година / семестар**	Прва/втори семестар	7.	**Број на ЕКТС кредити**	6
8.	**Наставник**	Проф. д-р Фимка Тозија			
9.	**Предуслови за запишување на предметот**	-			
10.	**Цели на предметната програма (компетенции):** По завршувањето на овој предмет студентот ќе го продлабочи знаењето за повредите како јавно здравствен проблем и ќе може подобро да: • примени основни принципи за превенција на повреди и насилство • ги оцени предностите и слабостите на расположивите податоци за повредите и насилството, и да придонесе за дизајнирање ефективен систем за следење повреди • врши етиолошко истражување на повредите и насилството особено на социо-економските и родовите разлики • придонесе за развој на интервенции за промоција на безбедност особено за превенција на насилство и сообраќаен трауматизам • евалуира интервентни програми				
11.	**Содржина на предметната програма:** • Вовед во причинин за повредите, превенција на повреди и промоција на безбедност-дефиниции и концепти во анализата на ризици, историски преглед, принципи на превенција и системи за класификација на повреди • Основни принципи за истражување на превенција на повреди и промоција на безбедност • Повредите како јавно здравствен проблем - детерминанти на регионалните разлики во оптовареноста со повреди • Оптовареност со повреди - како да се дефинира и измери оптовареноста со повреди • Оптовареност со не-намерни повреди: историски и меѓународно • Оптовареност со повреди поврзани со насилство: историјат и на меѓународно ниво • Следење повреди—дефиниции, методи на собирање податоци и анализа на податоците, класификација на повреди, различни видови регистри за повреди, и инструменти на истражување • Следење и евиденција на насилство • Методи за евалуција на интервенции за контрола и превенција на повреди и промоција на безбедност. Креирање политика базирана на проценка на оптовареност со повреди • Стратегии интервенции за безбедност - креирање политика на локално, секторско и крос-секторско ниво - избор на дизајн, анализа на таргет групи • Сообраќајни повреди - дефиниции, големина на проблемот, детерминанти • Стратегии за контрола и превенција на повреди од пад, изгореници, труење и				

<table>
<tr><td></td><td colspan="4">повреди од животни
• Стратегии за контрола и превенција на насилство: родово насилство, насислтво од интимен партнер, насилство врз дете, насилство кај млади, насилство врз стари
• Превенција на повреди и промоција на безбедност
• Истражување на евалуација - пристапи, модели, дизајн и методи за евалуација на промоција на безбедност
• Евалуација на интервенциите за безебдност - тешкотии и можни решенија
• Методи за економска евалуација во промоцијата на безбедност - теории и концепти, вежби за калкулација базирани на case studies од Safe Community program
• Нееднаквост и повреди - етиолошко истражување на повредите фокусирано на социо-економските и родови разлики - анализа на трудови
• Етички прашања поврзани со повредите: следење, истражување, достапност на услуги и пошироки социјални етички импликации
• Принципи на истражување во превенцијата на повреди и промоцијата на безбедност аплицирани во областа на сообраќајните несреши
• Принципи на истражување во превенцијата на повреди и промоцијата на безбедност аплицирани во областа на насилството
• Легислатива и регулатива која ја управува безбедноста општо и во здравствениот сектор
• Континуитет на заштита: пре-хоспитална, служби за итна медицинкска помош и ургентна медицина, долгорочна заштита на повредениот пациент
• Стратегии за контрола и превенција на повреди, онеспособеност и рехабилитација
• Интернет ресурси за повреди: Улогата на светски веб страници во облста на превцнија, контрола и промоција на безбедност</td></tr>
<tr><td>12.</td><td colspan="4">Методи на учење:
Теоретска настава: предавања, on line настава, интерактивна настава, групна работа, прикажување на филмови од областа
Практична настава: семинари, вежби со калкулации и анализа на податоци, демонстрација, компјутерска симулација и интернет
Индивидуална работа: дискусии, евалуација на научна литература, консултации, консултации по сегменти од интерес, есеи, семинарска работа, проектна задача</td></tr>
<tr><td>13.</td><td colspan="2">Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="2">180 часа</td></tr>
<tr><td>14.</td><td colspan="2">Распределба на расположивото време</td><td colspan="2">6 кредити x 30 часа: 2 кредити настава, 4 кредити индивидуална работа</td></tr>
<tr><td rowspan="2">15.</td><td rowspan="2">Форми на наставните активности</td><td>15.1.</td><td>Предавања- теоретска настава</td><td>30 часови</td></tr>
<tr><td>15.2.</td><td>Семинари, вежби, групна - тимска работа</td><td>30 часови</td></tr>
<tr><td rowspan="3">16.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>16.1.</td><td>Проектни задачи</td><td>30 часови</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Самостојни задачи</td><td>30 часови</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td>Домашно учење</td><td>60 часови</td></tr>
<tr><td rowspan="4">17.</td><td colspan="4">Начин на оценување</td></tr>
<tr><td>17.1.</td><td colspan="2">Тестови</td><td>20 бодови</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td colspan="2">Семинарска работа/ проект (презентација: писмена и усна)</td><td>60 бодови</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td colspan="2">Активност и учество</td><td>20 бодови</td></tr>
</table>

18.	**Критериуми за оценување (бодови/ оценка)**	до 59 бода	5 (пет) (F)
		од 60 до 68 бода	6 (шест) (E)
		од 69 до76 бода	7 (седум) (D)
		од 77 до 84 бода	8 (осум) (C)
		од 85 до 92 бода	9 (девет) (B)
		од 93 x 100 бода	10 (десет) (A)
19.	**Услов за потпис и полагање на завршен испит**	Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидени активности со коишто освојува бодови како дел од завршното оценување. Студентот ќе учествува во изготвување план на истражување, анализа на податоци, пишување извештај и презентација на проект во јавен семинар. Следењето и активното учество во наставата е задолжително Самостојно изготвување на семинарски теми нивно презентирање и дебатирање е задолжително.	
20.	**Јазик на кој се изведува наставата**	Македонски и англиски	
21.	**Метод на следење на квалитетот на наставата**	Континуирана евалуација за предметот и изведувањето на наставата	

22.	**Литература**					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Fimka Tozija	Women's Safety and Gender-Based Violence in the Republic of North Macedonia	Frontiers in . Public Health, 21 February	2020
		2.	WHO	Global status report o violence against children 2020	WHO	2020
		3.	WHO	Global status report on road safety	WHO	2018
		4.	Tozija F. Butchart A.	Violence a global public health problem and universal challenge. In: Forum for Public Health in Southeastern Europe. A Handbook for Teachers, Researchers and Health Professionals (2nd edition). Volume I Health: Systems – Lifestyle – Policies. Editors: Burazeri G., Zaletel Kragelj Lj	Jacobs Verlag	2013

		5.	WHO	TEACH VIP 2	WHO, Geneva	2012
		6.	Racioppi F, Erikson L, Tingvall C, Villaveces A.	Preventing Road Traffic Injury a Public health Perspective for Europe.	WHO, Geneva	2004
		7.	Krug EG, Daniberg LI, Mercy JA, Zwi AB, Lozano R.	World Report on Violence and health.	WHO, Geneva	2002
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	WHO	Health 2020: the European policy for health and well-being	WHO	2012
		2.	Tozija F., Nikovska'Gudeva D., GjorgjevD.	Community Injury Survey.	Republic Institute for Health Protection. Skopje	2008
		3.	Tozija F., Gjorgjev D, Cichevalieva S.	Report Violence and health in Macedonia and guide for prevention.	Ministry of Health. Skopje	2006
		4.	Tozija F., Butchart A.	Interpersonal Violence and Public Health. In: Georgieva L, Burazeri G. Eds. Health Determinants in the Scope of New Public Health	Hans Jacobs Publishing Company	2005
		5.	WHO	Global burden of disease attributable to injuries, 2000 estimates, in World Health Report.	WHO, Geneva	2001
		6.	Holder Y, Peden M, Krug E, Lund J, Gururaj G, Kobusingye O.	Injury Surveillance Guidelines.	WHO/CDC, Geneva,	2001

Прилог бр.3		**Предметна програма од трет циклус на студии**
1.	Наслов на наставниот предмет	**ЗДРАВЈЕ И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА МИГРАНТИ И ДОБРИ ПРАКСИ**
2.	Код	
3.	Студиска програма	Базична медицина
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ Медициски факултет – Скопје Катедра за Социјална медицина
5.	Степен (прв, втор, трет	Трет циклус

	циклус)				
6.	Академска година / семестар	Прва/втори семестар	7.	Број на ЕКТС кредити	6
8.	Наставник	Проф. д-р Фимка Тозија			
9.	Предуслови за запишување на предметот	-			
10.	Цели на предметната програма (компетенции): По завршувањето на овој предмет студентот ќе го продлабочи знаењето за здравствените ризици и здравјето на мигрантите, организацијата на здравствена заштита и пристапот до здравствени услуги за културолошки различни популации и би требало да биде способен: Да го објасни сеопфатниот пристап на здравјето на мигрантите; Да ги идентификува главните ризик фактори за здравјето на мигрантите, со акцент на полот како важен фактор кој придонесува за нееднаквости за здравје на мигрантите; Да ги идентификува најдобрите пракси за здравстени услуги респонсивни на потребите на мигрантите во различни земји во Европа;				
